СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 20 декември 1991
Скопје
Број 55 Год. XLVII

Претплатата за 1991 година изнесува 1.300 динари. Овој број чини 80 динари. Жиро сметка 40100-603-12498

1075.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АМНЕСТИЈАТА

Се прогласува Законот за амнестијата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3, 4 и 5 декември 1991 година.

Број 08-4865/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

Претседател на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

ЗАКОН ЗА АМНЕСТИЈАТА

Член 1

Лицата осудени со правосилна пресуда на казната затвор за кривични дела според Кривичниот и друг закон на Република Македонија и Кривичниот и друг закон на СФРЈ од суд во Република Македонија или на кој суд во Република Македонија им изрекол единствена казна затвор, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон казната затвор се уште не ја издржале или не отпочнале со нејзино издржување се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел на казната за една четвртина (во натамошниот текст: амнестија).

Член 2

Постапката за примена на овој закон за осудените лица кои се наоѓаат на извршување казна затвор се поведува по службена должност од страна на казнено-поправната установа, на јавниот обвинител, осуденото лице или лице кое во корист на обвинетиот може да изјави жалба.

За осудените лица кои не отпочнале со извршување на казната затвор постапка по службена должност поведува судот што ја донел првостепената пресуда или по барање на јавниот обвинител, осуденото лице или лице кое во корист на обвинетиот може да изјави жалба.

Решението за амнестија според одредбите на овој закон го донесува казнено-поправната установа во која осуденото лице ја издржува казната, односно судот што ја донел првостепената пресуда.

Казнено-поправната установа, односно првостепениот суд решението од став 3 на овој член го донесува во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, односно од приемот на барањето.

Против решението од став 3 на овој член, жалба можат да поднесат јавниот обвинител и лицата овластени за поднесување на барањето.

По жалбата против решението на казнено-поправната установа решава републичкиот орган на управата надлежен за работите на правосудството во чиј состав е казнено-поправната установа што го донела решението, а по жалбата против решението на првостепениот суд, непосредно повисокиот суд.

Член 3

Доколку со амнестијата според овој закон осуденото лице ја издржало казната затвор, казнено-поправната установа веднаш го ослободува од натамошно издржување на казната.

Член 4

Во постапката за спроведување на овој закон се применуваат и одредбите на Законот за кривичната постапка и Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Член 5

Упатство за спроведување на овој закон донесува министерот за правосудство и управа.

Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

1076.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ ЗАКОН ЗА МЕРКИТЕ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ЗАРАДИ СПРЕЧУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА НАРУШУВАЊАТА НА ТЕКОВИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНАТА РЕПРОДУКЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за мерките што можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањата на тековите на општествената репродукција на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 декември 1991 година.

Број 08-4961/1
10 декември 1991 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

Претседател на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

ЗАКОН
ЗА МЕРКИТЕ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ЗАРАДИ СПРЕЧУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА НАРУШУВАЊАТА НА ТЕКОВИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНАТА РЕПРОДУКЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Владата на Република Македонија може да презема привремени мерки заради спречување и отстранување на нарушувањата на тековите на општествената репродукција во следниве области: финансиите и финансиските односи, девизното работење и девизната политика, царинската политика, монетарно-кредитната политика, економско-финансиските односи со другите републики и со странство, наплатата на определени надоместоци и критериумите за нивното распоредување, односите со Федерацијата и другите економско-финансиски прашања.

Овие мерки Владата на Република Македонија ќе ги презема до донесувањето на системските закони.

Член 2

Владата на Република Македонија за преземените мерки поднесува месечен извештај на Собранието на Република Македонија.

Член 3

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за мерките кои може да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањата врз стопанството во СР Македонија („Службен весник на СРМ" број 46/90).

Прописите што Владата на Република Македонија ги донесе врз основа на Законот од став 1 на овој член, ќе се усогласат со овој закон во рок од 15 дена по влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

1077.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ ОБВРЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за издавање обврзници на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 декември 1991 година.

Број 08-4855/1
3 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

ЗАКОН
ЗА ИЗДАВАЊЕ ОБВРЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Република Македонија издава обврзници во износ од 525 милиони динари, за обезбедување средства за изградба, стандардизација и опремување на Клиниката за хирургија и ортопедија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Член 2

Обврзниците гласат на доносител.

Член 3

Обврзниците се издаваат во апоени од 100, 500 и 1.000 германски марки.

Член 4

На номиналниот износ на обврзницата се пресметува камата од 10% годишно.

Член 5

Откупот на обврзниците се врши со девизи или со динари во динарска противредност сметано според курсот на динарот на девизната берза организирана во Стопанската комора на Македонија на денот на откупот.

Член 6

Откупот на обврзниците трае 60 дена почнувајќи од 1 март 1992 година.

Член 7

Отплатата на главницата со каматата се врши во рок од две години, со годишни рати, во динарска противредност на денот на наплатата сметано по курсот на динарот на девизната берза организирано во Стопанската комора на Македонија, врз основа на ануитетски купони што ги содржи обврзницата, а кои пристигнуваат за наплата на 1 јануари 1993 и 1 јануари 1994 година.

Член 8

Отплатата на главницата со каматата се врши на товар на средствата на Републиката.

Фондот за здравствено осигурување рефундира средства на Републиката во висина од 40% на амортизираната главница со камата и за трошоците за издавање на обврзниците.

За динамиката на обезбедување средства од став 1 на овој член во име на Републиката министерот за финансии ќе склучи договор со Фондот за здравствено осигурување.

Член 9

Обврските од обврзниците застаруваат за една година од денот на пристигнувањето за наплата.

Член 10

Работите на издавањето, евиденцијата, пресметувањето на ануитетите и отплатувањето на главницата и каматата, во име и за сметка на Републиката може да се доверат на Службата на општественото книговодство во Република Македонија, Народната банка на Македонија или на една од деловните банки.

Договор за вршење на работите од став 1 на овој член во име на Републиката склучува министерот за финансии.

Член 11

Обврзницата може да се користи за плаќање на сите видови даноци до висина на вредноста на купонот на обврзницата што пристигнала за плаќање.

Плаќањето на даноците со купон на обврзницата може да се врши само ако износот на купонот е еднаков или помал од износот на данокот кој пристигнал за плаќање.

Член 12

На граѓаните што ќе купуваат стока со обврзници пристигнати за плаќање им се признава даночно олеснување во вид на намалување на продажната цена за износот на посебниот данок на производи во висина од 5% од номиналната вредност на обврзницата со која се купува стока, освен за производите: патнички автомобили, алкохолни и безалкохолни пијалоци и алкохол (етанол).

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

1078.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАЕМОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за заемот за вработување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 декември 1991 година.

Број 08-4849/1
3 декември 1991 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Македонија, **Стојан Андов**, с.р.

Претседател на Република Македонија, **Киро Глигоров**, с.р.

ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАЕМОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за заемот за вработување („Службен весник на СРМ" број 46/86, 1/87, 24/88, 51/88, 18/89, 36/89, 39/89, 12/90 и 46/90), во членот 12 ставот 2 бројвите: „10, 20," се заменуваат со бројот „50".

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

1079.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ И ЗАЕДНИЧКИ ПОТРЕБИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 декември 1991 година.

Број 08-4853/1
3 декември 1991 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Македонија, **Стојан Андов**, с.р.

Претседател на Република Македонија, **Киро Глигоров**, с.р.

ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ И ЗАЕДНИЧКИ ПОТРЕБИ

Член 1

Во Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби („Службен весник на Република Македонија" број 36/91), во член 17 по потточката б) се додава нова потточка в) која гласи:

„в) Царини и други увозни давачки."

Досегашната потточка в) станува потточка г).

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

1080.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот од доход,

што Собранието на Репулбика Македонија го донесе на седницата одржана на 3 декември 1991 година.

Број 08-4854/1
3 декември 1991 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Македонија, **Стојан Андов**, с.р.

Претседател на Република Македонија, **Киро Глигоров**, с.р.

ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД

Член 1

Во Законот за данокот од доход („Службен весник на СРМ" број 42/80, 38/81, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86, 7/88, 14/88, 42/88, 51/88, 18/89, 26/89, 36/89, 43/89, 47/89, 4/90, 5/90, 15/90, 23/90, 30/90, и „Службен весник на Република Македонија" број 36/91) во членовите: 1, 6 и 7 став 1, по зборот „стопанска" се додаваат зборовите: „и нестопанска".

Член 2

Во член 10 по алинејата 7 се додаваат две нови алинеи 8 и 9 кои гласат:

„– по стапка од 5,886% – обврзниците од дисперизираните капацитети во Републиката во првите три години по активирањето;

– по стапка од 2,042% – обврзниците од рудниците со јамски коп."

Член 3

По член 12 се додава нов член 12-а кој гласи:

„Член 12-а

На обврзниците на данокот од доход им се отстапува дел од износот на данокот од доход пресметан за соодветниот пресметковен период според пропишаните стапки, а кој е сразмерен на учеството на приходите по основ на продажбата на производи, услуги и стоки на странскиот пазар во вкупниот приход на даночниот обврзник."

Член 4

Во член 14 по зборот „инвалиди" запирката и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 5

Во член 23 по зборот „уплатувањето" се додаваат зборовите „и отстапувањето", а по зборот „пресметување" се додаваат зборовите „и отстапување".

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а одредбата од член 3 ќе се применува од 1 јули 1991 година.

1081.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 декември 1991 година.

Број 08-4958/1
3 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

Член 1

Во Законот за административните такси („Службен весник на СРМ" број 45/72, 30/77, 25/84, 31/84, 44/85, 7/88, 51/88, 41/89, 47/90 и 11/91), во член 17 по точката 19, се додава нова точка 20 која гласи:

„20) иселениците и граѓаните од македонско потекло, во постапката за стекнување на државјанство."

Член 2

Во членот 35 зборовите: „како и договор за сообразување на таксите со општините" се бришат.

Член 3

Членот 37 се брише.

Член 4

Во Тарифниот број 5-6, од Тарифата, по точката ѓ) се додава нова точка е) која гласи:

„е) за издавање и продолжување на рокот на важењето на пропусницата за преминување на границата во малограничниот сообраќај 100 динари."

Досегашните точки е), ж) и з) стануваат точки ж), з) и и).

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

1082.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3, 4 и 5 декември 1991 година.

Број 08-4866/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ" број 21/84, 31/84 и 32/85), во членот 4 по зборот „сигнализација" точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: „што има влијание врз безбедноста на сообраќајот"

Член 2

Во членот 6 став 1 точка 1 бројот „13" се заменува со бројот „12".

По точката 2 се додава нова точка 2) – а која гласи:

„2) – а „земјоделски трактор" е возило на моторен погон кое, со оглед на тоа дека е конструирано да влече, потиснува или задвижува менливи земјоделски орудија, првенствено е намената за вршење на земјоделски работи, како и за влечење на приклучно возило за превоз на предмети сврзани со вршењето на тие работи, во кои случаи и повремено учествува во сообраќајот на јавен пат."

Член 3

Во членот 8 ставот 2 се брише.

Член 4

По членот 9 се додаваат два нови члена 9-а и 9-б кои гласат:

Член 9-а

Возачот не смее со возилото да врши полукружно свртување на преслап, раскрсница, кривина, патен премин преку железничка пруга во ниво, на мост, надвозник, тунел или на други места на патот каде што прегледноста е недоволна.

Член 9-б

Возач кој во сообраќај на пат ќе сретне или ќе биде пристигнат од возило кое со посебни уреди дава жолти светлосни знаци, должен е да ја намали брзината на движењето на возилото, да го помести возилото што поблиску до десниот раб на коловозот, а по потреба и да го запре на погодно место, со цел да се изврши безбедно разминување.

Во случаите од став 1 на овој член возачот е должен да обрне внимание на возилата што се придржуваат и да постапува по барањата што ги даваат лицата од возилото кое со посебни уреди дава жолти светлосни знаци."

Член 5

Членот 11 се менува и гласи:

„На патиштата се ограничува брзината на движење за следните категории возила на:

1) 80 км на час – за патничко возило што влече лесна приколка;

2) 50 км на час – за моторно возило со синџири на тркалата и

3) 25 км на час – за трактор што влече приклучно возило во кое се превезуваат лица.

Лесната приколка од став 1 точка 1 на овој член на левата половина од својата задна страна, на видно место, има пропишана ознака со што се означува најголемата дозволена брзина на движење".

Член 6

Членот 14 се брише.

Член 7

По членот 17 се додаваат два нови члена 17-а и 17-б кои гласат:

„Член 17-а

Кога возачот го остава возилото на пат без непосреден надзор должен е да ги преземе сите потребни мерки со кои ќе се спречи возилото само да тргне од местото на кое е оставено, а особено:

1) да ги сврти предните тркала спрема тротоарот, односно патот и да ја стави рачката на менувачот за возење наназад – ако возилото се остава на надолница, односно да ги сврти предните тркала спрема средината на патот, да ја стави рачката на менувачот во I степен на пренос и да ја притегне паркирната кочница – ако возилото се остави на нагорница и

2) да стави клинести подлошки под соодветните тркала на возилото ако на пат со надолжен наклон е оставено возилото кое е опремено со такви подлошки.

Член 17-б

Во случај на принудно запирање на возилото поради сообраќајна незгода, изведување на работи на патот или во други случаи кога е неопходно запирање на возилото, возачот не смее да го напушти возилото, освен за укажување на помош на лице или во случај на опасност."

Член 8

Во главата II поглавјето „6. Влечење на возила", членовите од 19 до 22 и член 26 се бришат.

Член 9

Во главата II поглавјето „14. Вонреден превоз" се менува и гласи:

„14. Учество во сообраќај на возила што не ги исполнуваат пропишаните услови (вонреден превоз)."

Член 10

Во членот 50 ставот 1 се менува и гласи:

„Одобрение за пробно возење издава Министерството за внатрешни работи."

Ставот 3 се менува и гласи:

„Кога за пробното возење организаторот бара обезбедување од работници на милиција, трошоците за тоа обезбедување ги сноси организаторот."

Член 11

Членот 55 се менува и гласи:

„Согласност за вонреден превоз издава Министерството за внатрешни работи во рок од 48 часа од приемот на барањето за издавање на согласност за вонреден превоз.

Министерството за внатрешни работи може во согласност да определи и посебни услови за вонреден превоз според кои организацијата или лицето кое врши вонреден превоз се должни да постапуваат."

Член 12

Членовите 56, 57 и 58 се бришат.

Член 13

Во членот 62 став 2 се менува и гласи:

„Одобрението од став 1 на овој член го издава подрачната организациона единица на Министерството за внатрешни работи според подрачјето на кое се одржува приредбата."

Ставот 3 се брише.

Досегашниот став 4 станува став 3.

Член 14

Во членот 67 по зборовите: „внатрешни рботи" се става точка, зборовите: „што го издал одобрението" и последната реченица се бришат.

Член 15

Во членот 69 став 2 се брише

Член 16

Во членот 76 став 2 зборовите: „Републичкиот комитет за сообраќај и врски во согласност со Републичкиот секретаријат“ се заменуваат со зборовите: „Министерство за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија во согласност со Министерството за внатрешни работи.“

Член 17

Во членот 80 став 4 се менува и гласи:

„Одобрение за групен превоз издава подрачната организациона единица на Министерството за внатрешни работи според седиштето, односно живеалиштето на подносителот на барањето.“

Член 18

Во членот 88 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Со мотокултиватор што влече приклучно возило во кое се врши превоз на лица од член 86 став 1 на овој закон може да управува само возач кој поседува дозвола за возач на трактор или возачка дозвола која дава право за управување со трактор.“

Член 19

Членовите 92, 96, 98 и од 100 до 103 се бришат.

Член 20

Членот 97 се менува и гласи:

„Возач кој непосредно учествувал во сообраќајна незгода должен е да преземе соодветни мерки заради отстранување на нови опасности кои можат да настанат на местото на сообраќајната незгода, а особено: да го постави посебниот знак за означување на запрено возило на коловозот или со други соодветни знаци да ги извести учесниците во сообраќајот за настанатата опасност, да го обезбеди возилото од самотргнување, да го обезбеди товарот на возилото да не испадне или да се растури по коловозот, да преземе мерки за спречување на избувнување пожар или експлозија и слично.

Кога возачот од став 1 на овој член поради повреда или од друга причина не е во состојба да ги преземе мерките, секое друго лице кое е присутно или ќе наиде на местото на сообраќајната незгода должно е тоа да го стори.“

Член 21

Во членот 113 став 2 се менува и гласи:

„Организацијата чија основна дејност е вршење превоз на лица и стока во патниот сообраќај, како и организациите за насочено образование (во средното и високото образование) можат непосредно да организираат оспособување на возачи за сопствени потреби, односно оспособување на ученици и студенти за возачи и кадри за занимање возач, доколку во наставната програма е опфатена пропишаната програма за оспособување на кандидати за возачи во авто-школи.“

Член 22

Членот 114 се менува и гласи:

„Авто-школа може да основа правно или физичко лице.“

Член 23

Во членот 116 став 1 се менува и гласи:

„Авто-школата и организациите од член 113 став 2 на овој закон се опремени така што да можат успешно да оспособуваат кандидати за возачи.“

Ставот 2 се брише.

Во ставот 3 бројот „156“ се заменува со бројот „169“.

Во ставовите 3 и 4 по зборовите: „авто-школите“ се додаваат зборовите: „и организациите од член 113 став 2 на овој закон“.

Член 24

Во членовите 117, 119 став 1, 120, 127 ставови 2 и 3 и 130 по зборовите: „авто-школата“ се додаваат зборовите: „или организацијата од член 113 став 2 на овој закон“.

Член 25

Во членот 118 став 1 зборовите „на собранието“ се бришат.

Ставот 2 се брише.

Член 26

Во членот 119 став 2 точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен ако кандидатот се оспособува во организација за насочено образование која оспособува кадри за занимање возач“.

Член 27

Членот 123 се брише.

Член 28

Во членот 124 став 1 зборовите: „во авто-школата, може дневно да врши оспособување за практично управување со возило до осум часа“ се заменуваат со зборовите: „не смее непрекинато повеќе од два часа да врши оспособување за практично управување со возило, а вкупно, без прекините за одмор, не подолго од шест часа во текот на 24 часа“.

По став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Како непрекинато оспособување од став 1 на овој член се смета времето во кое инструкторот немал прекин од најмалку 30 минути.“

Досегашните ставови 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

Член 29

Во членот 125 зборовите: „републичкиот секретар за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за образование и физичка култура“.

Член 30

Во членот 126 став 1 се брише.

Член 31

Во членот 127 став 1 зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи, а врз оспособувањето што го вршат организациите за насочено образование и Министерството за образование и физичка култура“.

Член 32

Членот 128 се менува и гласи:

„Министерот за внатрешни работи може да забрани оспособување на кандидати за возачи на определен пат, трајно или за одредено време, ако тоа го налагаат причините на безбедноста на сообраќајот“.

Член 33

Во членот 130 по зборовите: „авто-школата“ се става точка, а зборовите: „по претходна согласност на Републичката заедница за цени“ се бришат.

Член 34

Во членот 131 став 1 се менува и гласи:

„Возачкиот испит за управување со моторно возило, трактор, работна машина, мотокултиватор и велосипед со мотор се полага пред испитна комисија на организацијата за насочено образование која оспособува кадри за занимање возач, на авто-школата или пред испитна комисија што ја образува министерот за внатрешни работи според местото каде што се спроведува испитот".

Во ставот 2 зборовите: „функционерот кој раководи со општинскиот орган на управата надлежен" се заменуваат со зборот „министерот".

Ставовите 3 и 4 се бришат.

Член 35

По членот 131 се додава нов член 131-а кој гласи:

„Член 131-а

Авто-школата може да образува испитна комисија доколку ги исполнува пропишаните услови во поглед на стручниот кадар, што се констатира со решение на Министерството за внатрешни работи.

Надзор над исполнувањето на условите од став 1 на овој член и над спроведувањето на возачките испити врши Министерството за внатрешни работи.

Ако Министерството за внатрешни работи во вршењето на надзорот утврди дека авто-школата не ги исполнува условите или возачките испити не ги спроведува на пропишан начин, може со решение да определи авто-школата привремено да престане со спроведувањето на истите и да определи рок за отстранување на утврдените недостатоци.

Авто-школата од став 3 на овој член не може да спроведува возачки испити додека не ги отстрани утврдените недостатоци."

Член 36

Во членот 133 став 2 бројот „156" се заменува со бројот „169".

Во ставот 4 зборовите: „функционерот што раководи со органот на управата надлежен" се заменуваат со зборот „министерот".

Член 37

Во членот 134 став 1 точката на крајот се брише и се додаваат зборовите: „или пред испитната комисија што ја образува министерот за внатрешни работи според местото каде што се спроведува испитот".

Ставот 2 се брише.

Член 38

Во членот 138 бројот „157" се заменува со бројот „171".

Член 39

Во членот 143 став 2 зборовите: „кој води евиденција" се заменуваат со зборовите: „според евиденцијата".

Член 40

Член 144 се менува и гласи:

„Се овластува министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за образование и физичка култура и министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија да донесе поблиски прописи за програмата, организацијата, начинот на полагање на возачкиот испит, проверката на оспособеноста на кандидатите за возачи, посебните услови во поглед на стручната подготовка што треба да ја исполнуваат претседателот и членовите на испитната комисија и водењето на евиденции во врска со возачките испити".

Член 41

Членот 145 се менува и гласи:

„Испит за инструктор се полага во организацијата за насочено образование која оспособува кадри за занимање возач, пред испитна комисија што ја образува министерот за образование и физичка култура.

За спроведените испити организацијата за насочено образование води соодветна евиденција."

Член 42

Членот 147 се менува и гласи:

„На лице кое го положило испитот на инструктор му се издава уверение за положениот испит.

Дозволата за инструктор ја издава подрачната организациона единица на Министерството за внатрешни работи според живеалиштето на лицето, со рок на важење од пет години."

Член 43

Во членот 149 став 1 зборовите: „републичкиот секретар за внатрешни работи" се заменуваат со зборовите: „министерот за образование и физичка култура".

Член 44

Во членот 151 став 3 се менува и гласи:

„Решението за поништување на испитот за инструктор го донесува Министерството за образование и физичка култура, а решението за одземање на дозволата за инструктор го донесува Министерството за внатрешни работи."

Член 45

Членот 153 се менува и гласи:

„Се овластува министерот за образование и физичка култура во согласност со министерот за внатрешни работи да донесе поблиски прописи за програмата, организацијата и начинот на полагањето на испит за инструктор и водењето на евиденцијата.

Се овластува министерот за внатрешни работи да донесе поблиски прописи за образецот на дозволата на инструктор, за издавање, продолжување, заменување и одземање на дозволата и за устројување и водење на евиденцијата во врска со тоа".

Член 46

Во главата III поглавјето „5. Возачка дозвола, дозвола за возач на трактор и возачка потврда" се менува и гласи:

„5. Возачка дозвола, меѓународна возачка дозвола, дозвола за возач на трактор и возачка потврда".

Член 47

Членот 154 се менува и гласи:

„Возачка дозвола, дозвола за возач на трактор и возачка потврда издава, односно продолжува подрачната организациона единица на Министерството за внатрешни работи според живеалиштето на лицето".

Член 48

По членот 154 се додава нов член 154-а кој гласи:

„Член 154-а

Регистарот за издадените меѓународни возачки дозволи ги содржи податоците од возачката дозвола и адресата на станот на возачот.

Надзор над издавањето на меѓународни возачки дозволи и над водењето на регистарот врши подрачната

организациона единица на Министерството за внатрешни работи според седиштето на организацијата која го води регистарот на издадените меѓународни возачки дозволи."

Член 49

Во членот 160-а зборовите: „на чија територија има живеалиште" се заменуваат со зборовите: „според живеалиштето на возачот".

Член 50

Членот 161 се брише.

Член 51

Во членот 162 броевите „194" и „199" се заменуваат со броевите „209" и „219".

Член 52

Во членовите 164, 171, став 1, 172 став 1 и 173 ставови 2 и 3 зборовите: „Републички комитет за здравство и социјална политика" и членот 165 став 2 зборовите: „претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика" се заменуваат со зборовите: „министерот за здравство".

Член 53

Во членот 169 броевите: „169 до 172" се заменуваат со броевите: „184 до 187".

Член 54

Во членот 170 став 1 се менува и гласи:

„Упатувањето на возач на моторно возило или трактор на контролен здравствен преглед се врши со решение на подрачната организациона единица на Министерството за внатрешни работи според живеалиштето на возачот".

Член 55

Во членот 176 став 2 се менува и гласи:

„Ако при преглед или лекување на кандидатот за возач, возач или возач – инструктор основано се посомнева или се утврди дека телесно или душевно е неспособен да управува со сите или со одредени категории на моторни возила, трактор или работна машина, здравствената организација е должна во рок од осум дена за тоа да ја извести подрачната организациона единици на Министерството за внатрешни работи според живеалиштето на кандидатот за возач, возачот или возачот – инструктор".

Член 56

Во главата IV поглавјето „1. Општи одредби" се менува и гласи: „1. Испитување на возила".

Член 57

Членот 177 се менува и гласи:

„Возилата на моторен погон и приклучните возила кои серски се произведуваат или преправаат, како и возилата за превоз на опасни материи пред пуштањето во сообраќај мораат да бидат подложени на испитување во поглед на безбедносно-техничките карактеристики за кое се издава уверение, односно цертификатот.

Како испитување во смисла на став 1 на овој член ќе се смета ако од секоја серија се врши испитување на возило.

Возилата во кои е вграден уред за погон на течен гас или друг уред суштествен за безбедно учество во сообраќајот, како и возилата за кои се непознати или се неточни техничките податоци потребни при вршење на технички преглед и регистрација, подлежат на испитување и за истите се издава потврда.

Уверението, односно потврдата, односно цертификатот од ставовите 1 и 3 на овој член возачот е должен да ја носи со возилото и да ја покаже на барање на овластеното лице".

Член 58

По членот 177 се додаваат четири нови члена 177-а, 177-б, 177-в и 177-г кои гласат:

„Член 177-а

Испитувањето на возилата од член 194 став 1 на Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата и член 177 ставови 1 и 3 на овој закон го врши организацијата која располага со пропишана техничка опрема и уреди, стручни лица за вршење на испитување и што ќе ја овласти министерот за внатрешни работи.

Овластената организација за испитување на возила е должна да обезбеди испитувањето да се врши на пропишан начин и уредно да ги води пропишаните евиденции.

Член 177-б

Надзор на придржувањето кон пропишаните услови за работа на овластената организација за испитување на возила врши Министерството за внатрешни работи.

Член 177-в

Возач на моторно возило во кое е вграден техограф должен е во сообраќај на пат со себе да носи клуч за отворање на техографот, употребена влошка за техографот за последните 24 часа возење, како и потврда за извршен преглед на жигосување на техографот.

Член 177-г

Се овластува министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за стопанство и министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија да донесе поблиски прописи за условите, начинот и постапката на испитување на возилата, за тоа што се смета за произведено или преправено возило, кои уреди се суштествени за безбедно учество во сообраќајот во смисла на член 177 став 3 од овој закон, условите што треба да ги исполнуваат стручните лица кои вршат испитување, формата и содржината на уверението, потврдата и цертификатот за испитување на возилото и за водење на евиденцијата".

Член 59

Членот 178 се менува и гласи:

„Тракторите и приклучните возила што ги влечат трактори наменети првенствено за превоз на предмети, се регистрираат на начин и под услови пропишани за регистрација на моторните и приклучните возила.

Земјоделски трактор, работна машина, мотокултиватор, велосипед со мотор, запрежно возило, како и приклучно возило што го влече земјоделски трактор или мотокултиватор можат да учествуваат во сообраќај на пат ако се регистрирани.

За регистрирана работна машина, велосипед со мотор, мотокултиватор и приклучно возило што го влече мотокултиваторот, се издава потврда за регистрација и регистарска таблица, за земјоделски трактор и приклучно возило што го влече земјоделски трактор

се издава сообраќајна дозвола и регистарска таблица, а за регистрирано запрежно возило само регистарска таблица.

Потврдата за регистрација и сообраќајната дозвола од став 3 на овој член се издава на образец кој е еднообразен за територијата на Републиката.

Регистарската таблица содржи назив на општината и регистарски број на возилото".

Член 60

Во членот 179 став 2 зборовите: „Собранието на општината го определува општинскиот орган на управата која" се заменуваат со зборовите: „Општината го определува органот кој".

Член 61

Во членот 180 по зборот „машина" се додаваат зборовите: „земјоделски трактор", а по зборот „влече" се додаваат зборовите: „земјоделски трактор или".

Член 62

Во членот 181 став 1 по точката 1 се додава нова точка 1-а која гласи:

„1-а Регистарска таблица за земјоделски трактор;"

Во точката 5 по зборот „влече" се додаваат зборовите: „земјоделски трактор или".

Во став 2 по зборовите „од точките" се додава бројот „1-а,".

Член 63

Членот 183 се менува и гласи:

„Се овластува министерот за внатрешни работи да ги пропише регистрационите подрачја за моторни и приклучни возила, формата, големината и начинот на поставување на регистарските таблици за работна машина, земјоделски трактор, мотокултиватор, велосипед со мотор, запрежно возило и за приклучно возило што го влече земјоделски трактор или мотокултиватор, постапката за регистрација, образецот на потврдата за регистрација, образецот на сообраќајната дозвола за земјоделски трактор, како и водењето на евиденцијата за регистрираните возила".

Член 64

Во членот 184 по зборот „има" се додаваат зборовите: „сообраќајна дозвола, односно".

Член 65

Во членот 189 зборовите: „кај кој возилото е регистрирано, а кога се врши промена на живеалиштето, односно седиштето и на општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи според местото на новото живеалиште, односно седиште" се заменуваат со зборовите: „според местото на регистрација на возилото, а кога се врши промена на живеалиштето, односно седиштето, според новото живеалиште, односно седиште".

Член 66

Во членовите 190 став 1 и 191 став 1 по зборот „возило" се става запирка, а зборовите „и трактори" се заменуваат со зборовите „трактори и земјоделски трактори".

Во член 190 став 2 се менува и гласи:

„Технички преглед на моторни и приклучни возила со кои се врши јавен превоз на патници во градски и приградски сообраќај и автобуси за превоз на патници за сопствени потреби се врши на секои три месеци, а на возила за прва помош, моторни и приклучни возила кои се наменети за превоз на опасни материи, возила за изнајмување (рента-кар) и возила за авто-школите наменети за оспособување на кандидати за возачи, се врши на секои шест месеци".

Член 67

Членот 192 се менува и гласи:

„Овластената организација за вршење на технички преглед на возилата е должна уредите, опремата и објектот да ги одржува во исправна состојба, техничкиот преглед да го врши на пропишан начин и уредно да ги води пропишаните евиденции".

Член 68

По членот 192 се додава нов член 192-а кој гласи:

„Член 192-а

Овластената организација за вршење на технички преглед на возила е должна на секои четири години да врши проверка на знаењето на стручните лица кои вршат технички преглед на возилата.

Проверката од став 1 на овој член особено се однесува на примената на новите прописи, технички нормативи, стандарди, како и употребата на новите технички уреди и опрема при вршењето на технички преглед.

Стручното лице од став 1 на овој член кое ќе одбие да се подложи на проверка или не покаже потребно знаење, не може да врши технички преглед на возилата".

Член 69

Во членот 194 став 1 зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи според седиштето на овластената организација за технички преглед на возилата или Републичкиот секретаријат" се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи според седиштето на овластената организација за технички преглед на возила".

Член 70

Член 197 се менува и гласи:

„Урбанистичките планови и проекти за изградба на нови и реконструкција на постојните патишта и улици, како и проектите за изградба на други инвестициони објекти за кои се потребни сообраќајни површини (приклучни патишта, паркиралишта, гаражи и слично) содржат и соодветен сообраќаен план и сообраќаен проект.

Основниот сообраќаен план содржи: анализа на постојната состојба на сообраќајните услови, прогноза на идните потребни сообраќајни услови и режимот на сообраќајот и концепт на сообраќајната мрежа.

Деталниот сообраќаен план, покрај содржината од основниот сообраќаен план содржи и прогноза за обемот и структурата на сообраќајот, условите и режимот на сообраќајот, пресметката за пропусната моќ на сообраќајниците, ситуационен план, потребен простор за стационарен сообраќај, сообраќајни профили на сообраќајниците, како и начинот на решавањето на сообраќајот на вкрстувањата.

Сообраќајниот проект содржи: прогноза за обемот и структурата на сообраќајот, условите и режимот на сообраќајот, пресметката на пропусната моќ на патот или улиците, ситуационен план, план на сообраќајни знаци, потребен простор за стационарен сообра-

ќај, програма за работа на светлосната сигнализација, план за заштита и опрема на патот и улицата, план за осветлување, план за хортикултурно уредување, план за регулирање на сообраќајот на раскрсниците, како и други елементи од значење за безбедноста на сообраќајот".

Член 71

Во член 198 став 1 зборовите: „основни и детални" се заменуваат со зборот „просторни", а зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи, а ако се од значење за Републиката, мислење од Републичкиот секретаријат" се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи".

Ставот 2 се менува и гласи:

„При вршење на технички преглед на патишта и улици учествуваат претставници на Министерството за внатрешни работи и Министерството за градежништво, урбанизам, сообраќај и екологија".

Член 72

Во членот 199 став 1 се менува и гласи:

„Условите и режимот на сообраќајот на патиштата и улиците ги утврдува министерот за градежништво, урбанизам, сообраќај и екологија во согласност со министерот за внатрешни работи."

Член 73

Во членот 200 зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен за работите на сообраќајот, се заменуваат со зборовите: „Министерството за градежништво, урбанизам, сообраќај и екологија". Зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен" се заменуваат со зборот: „Министерството".

Член 74

Во членот 202 зборовите: „управата надлежна за работите на сообраќајот" се заменуваат со зборот „општината".

Член 75

Во членот 205 став 2 се менува и гласи:

„Решение за ограничување на брзината од став 1 на овој член донесува министерот за внатрешни работи."

Член 76

Во членот 206 став 2 се менува и гласи:

„Решение за запирање или посебно ограничување на сообраќајот од став 1 на овој член донесува министерот за внатрешни работи."

Член 77

Во членот 207 став 1 зборовите: „органот на управата надлежен за внатрешни работи од член 205 став 2 на овој закон" се заменуваат со зборовите: „министерот за внатрешни работи".

Член 78

Членот 208 се брише.

Член 79

Во членот 215 став 1 зборот „најрано" се брише.

Член 80

Во членот 216 став 1 зборовите: „член 198" се заменуваат со зборовите: „членовите 213-215".
Став 2 се брише.

Член 81

По членот 216 се додава нов член 216-а кој гласи:

„Член 216-а

Извршувањето на мерките од членовите 213 став 1 и 214 став 1 на Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата го врши подрачната организациона единица на Министерството за внатрешни работи според живеалиштето на возачот."

Член 82

Во членот 220 став 3 се менува и гласи:

„Сообраќајните патроли и единици од став 1 на овој член можат да регулираат сообраќај на патиштата и да укажуваат помош на учесниците во сообраќајот само со претходна согласност на Министерството за внатрешни рботи".

Член 83

Главата „VI. Трајна внатрешна контрола за безбедност на патиштата" и членовите од 221 до 225 се бришат.

Член 84

Во членот 228 ставови 1 и 2 и членот 235 став 1 зборовите: „собранието на соодветната општествено-политичка заедница" се заменуваат со зборовите: „Собранието на Република Македонија".

Член 85

Во членот 229 став 1 зборот „две" се заменува со зборот „четири".

Член 86

Во членот 236 став 1 броевите: „100.000 до 750.000" се заменуваат со броевите: „10.000 до 400.000".

Точката 1 се брише.

По точката 3 се додава нова точка 3-а која гласи:

„3-а) ако образува испитна комисија без да ги исполни условите во поглед на стручен кадар (член 131-а);"

Точката 4 се менува и гласи:

„4) ако врши испитување на возила спротивно на член 177 став 1;"

Во ставот 2 броевите: „10.000 до 100.000" се заменуваат со броевите: „2.000 до 20.000".

Член 87

Во членот 237 став 1 броевите: „25.000 до 250.000" се заменуваат со броевите: „2.500 до 25.000".

Точката 3 се менува и гласи:

„3) ако не постапува според посебните услови определени во согласност за вонреден превоз (член 55 став 2)"

Точките 4,9 и 19 се бришат.

Во точката 15 зборовите: „и трактори" се заменуваат со зборовите: „трактори или земјоделски трактори".

Точка 16 се менува и гласи:

„16) ако урбанистичкиот план и проект за изградба на нов или реконструкција на постојниот пат или улица, како и проектот за изградба на друг инвестиционен објект за кој е потребна сообраќајна површина не содржи соодветен сообраќаен план, односно сообраќаен проект (член 197 став 1)".

Во ставовите 2 и 3 броевите: „5.000 до 25.000", се заменуваат со броевите: „600 до 2.500".

Член 88

Во членот 238 став 1 броевите: „15.000 до 50.000“ се заменуваат со броевите: „2.000 до 20.000“.

Точката 17 се брише.

По точката 24 се додава нова точка 24-а која гласи:

„24-а ако регистарот за издадени меѓународни возачки дозволи не ги содржи податоците од член 154-а став 1 на овој закон“.

По точката 28 се додава нова точка 28-а која гласи:

„28 – а) ако не обезбеди испитувањето на возилата да се врши на пропишан начин и уредно да ги води пропишаните евиденции (член 177-а став 2);“.

Точката 32 се менува и гласи;

„32) ако не обезбеди одржување на уредите, опремата и објектот во исправна состојба или не ги врши техничките прегледи на пропишан начин, односно пропишаните евиденции не ги води уредно (член 192)

По точката 32 се додава нова точка 32-а која гласи:

„32-а) ако не врши проверка на знаењата на службените лица кои вршат технички преглед на возилата (член 192-а);“

Точката 37 се брише.

Во ставовите 2 и 3 броевите: „4.000 до 20.000“ се заменуваат со броевите: „500 до 2.000“.

Член 89

Во членот 239 став 1 броевите: „25.000 до 50.000“ се заменуваат со броевите: „1.000 до 10.000“.

Во точката 8 зборовите: „или трактор“ се заменуваат со зборовите: „трактор или земјоделски трактор“.

Член 90

Во членот 240 став 1 броевите: „4.000 до 20.000“ се заменуваат со броевите: „500 до 2.000“.

По точката 2 се додава нова точка 2-а која гласи:

„2-а) лице кое не постапи според посебните услови определени во согласноста за вонреден превоз (член 55 став 2);“.

Во точката 9 по зборот „трактор“ се додаваат зборовите: „или мотокултиватор“.

По точката 9 се додава нова точка 9-а која гласи:

„9-а) возач кој непосредно учествува во сообраќајна незгода, а не ќе преземе соодветни мерки заради отстранување на нови опасности што можат да настанат на местото на сообраќајната незгода (член 97 став 3);

По точката 20 се додава нова точка 20-а која гласи:

„20-а) возач на моторно возило во кое е вграден тахограф ако постапува спротивно на одредбите од член 177-в на овој закон;“.

По точката 22 се додава нова точка 22-а која гласи:

„22-а) лице кое врши технички преглед на возила спротивно на одредбите од член 192-а став 3 на овој закон;“.

Точките 3, 11, 12, 13 и 17 се бришат.

Во ставот 2 броевите: „5.000 до 25.000“ се заменуваат со броевите: „600 до 2.500“.

Член 91

Во членот 241 став 1 броевите: „2.500 до 15.000“ се заменуваат со броевите: „400 до 1.500“.

Точките 2, 3, 4 и 11 се бришат.

Во точката 12 по зборовите: „член 97“ во заградата се додаваат зборовите: „став 2“.

Точката 13 се брише.

Во точката 23 зборовите: „и 126 став 1“ се бришат.

Во точката 25 зборот „одобрението“ се заменува со зборовите: „уверението, односно потврдата“.

Во точката 28 зборовите: „или трактор“ се заменуваат со зборовите: „трактор или земјоделски трактор“.

Во ставот 2 броевите: „4.000до 20.000“ се заменуваат со броевите: „500 до 2.000“.

Член 92

Во членот 242 став 1 бројот „800“ се заменува со бројот „450“.

По точката 2 се додаваат две нови точки 2-а и 2-б кои гласат:

„2-а) возач кој ќе постапи спротивно на одредбите од член 9-а на овој закон;

2-б) возач кој во сообраќај на пат нема да постапи според одредбите на член 9-б на овој закон;“.

Во ставот 2 броевите: „2.500 до 20.000“ се заменуваат со броевите: „400 до 1.800“.

Член 93

Во членот 243 став 1 бројот „700“ се заменува со бројот „400“.

По точка 7 се додава нова точка 7-а која гласи:

„7-а) возач кој го остава возилото на пат без непосреден надзор, ако не ги преземе сите потребни мерки со кои ќе спречи возилото само да тргне од местото на кое е оставено (член 17-а);

Точките 1, 5, 6, и 8 се бришат.

Во ставот 2 броевите: „2.000 до 10.000“ се заменуваат со броевите: „300 до 1.500“.

Член 94

Во членот 244 став 1 бројот „500“ се заменува со бројот „350“.

Точката 1 се менува и гласи:

„1) возач кој во сообраќај на пат управува со патничко возило што влече приколка која нема пропишана ознака (член 11 став 2);“.

По точката 2 се додава нова точка 2-а која гласи:

„2-а) возач кој ќе постапи спротивно на одредбите од член 17-б на овој закон;“.

Точките 3 и 17 се бришат.

Во ставот 2 броевите: „1.500 до 7.500“ се заменуваат со броевите: „250 до 1.200“.

Член 95

Во членот 245 бројот „400“ се заменува со бројот „300“

Точката 3 се брише.

Во ставот 2 броевите: „1.000 до 2.500“ се заменуваат со броевите: „200 до 1.000“.

Член 96

Во целиот текст на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата зборовите: „Републичкиот секретаријат“, „органот на управата надлежен за внатрешни работи“, „органите на управата надлежни за внатрешни работи“, „орган на управата надлежен за

внатрешни работи", „општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи", „општинските органи на управата надлежни за внатрешни работи" и „републичкиот секретар за внатрешни работи" се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи", односно „министерот за внатрешни работи".

Член 97

По членот 252 се додаваат два нови члена 252-а и 252-б кои гласат:

„Член 252-а

Поблиските прописи врз основа на овластувањата на овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 252-б

Поблиските прописи донесени до денот на влегувањето во сила на овој закон, а што се во спротивност со одредбите на овој закон, ќе се усогласат најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон."

Член 98

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Член 99

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

1083.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕДОВНИТЕ СУДОВИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за редовните судови,

Што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3,4 и 5 декември 1991 година.

Број 08-4867/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

Претседател на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕНА ЗАКОНОТ ЗА РЕДОВНИТЕ СУДОВИ

Член 1

Во Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 9/78, 46/82, 11/87, 24/88, 10/90 и 11/91), членот 26 се брише.

Член 2

Во членовите 5 ставови 1 и 2, 21 ставови 2 и 4, 31 став 1, 33 став 4, 40-в став 2, 53-ѓ став 1, 53-е, 53-и став 2, 54 став 1, 55, 56, 57, 68 алинеја 5, 71 став 1, 72 став 1, 73 став 2, 76 став 2, 78 ставови 1 и 2, 81 став 8, 84 ставови 1 и 2, 84-а ставови 1 и 3, 90 став 1, 91 став 2, 96 ставови 6 и 7, 119 ставови 1 и 2 120 зборот „Социјалистичка" се брише.

Член 3

Во членот 36 став 1 точка Б во потточката 1. и) по зборот „простории" точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „како и спорови од станбени односи;".

По потточката 1. и) се додава нова потточка 1.ј) која гласи:

„1.ј) спорови од работни односи и во врска со работата."

Член 4

Во членовите 39 став 2, 53-љ, 53-м, 62 став 1, 63 став 2, 63-а, 84-а став 1, 96 ставовите 3 и 4, 101 став 3, 105 ставовите 2 и 3 и 117, зборовите „републички секретар" се заменуваат со зборот „министерот".

Член 5

Во членот 45 став 1 по точката ж) се додава нова точка з) која гласи:

„з) да судат во спорови настанати во врска со договорите за меѓусебните односи на стопанските и другите организации и други правни лица кои се запишуваат во судскиот регистар во однос со нивните статусни промени (поделба, спојување, припојување и организирање);"

Досегашната точка з) станува точка ѕ).

Член 6

Во членовите 53-б, 53-к, 58 став 4, 61 став 1, 2 и 3, 63 став 1 и 91 став 7 зборовите: „Републичкиот секретаријат" се заменуваат со зборот „министерството".

Член 7

Во членот 72 став 1 зборовите: „собранието на општината кое е надлежно за нивниот избор и разрешување, односно" се бришат.

Ставот 2 се брише.

Досегашниот став 3 станува став 2.

Член 8

Членот 73 се менува и гласи:

„Судиите и судиите поротници ги избира и разрешува Собранието на Република Македонија".

Член 9

Во членовите 78 став 1 и 90 зборовите: „собранието на општината, односно" се бришат.

Во членот 78 став 2 по зборот „печат" се става точка, а зборовите до крајот на ставот се бришат.

Член 10

Во членовите 40-в став 2, 53-ѓ и 84-а став 3 зборовите: „Извршниот совет на Собранието" се заменуваат со зборот „Владата".

Член 11

Членот 88 се брише.

Член 12

во членот 91 став 2 збоворите: „на собранието на општината, односно" се бришат.

Член 13

Во членот 96 став 3 зборовите: „односно соодветното тело на собранието на општината" се бришат.

Во ставот 4 зборовите: „собранието на соодветната општина, односно" се бришат.

Член 14

Членот 97 се брише.

Член 15

По членот 116 се додава нов член 116-а кој гласи:

Член 116-а

Предметите по кои на 31 декември 1991 година постапката пред основните судови на здружениот труд не е започната или е започната, а не е завршена или по кои тече рокот за правен лек, како и предметите кои се решени, а на странките не им е врачена одлуката на која имаат право да изјават правен лек ги преземаат месно надлежните судови според правилата на процесната постапка и тоа општинските судови во однос на спорови од работни односи и во врска со работата и спорови од станбени односи, а окружните стопански судови во однос на статусните спорови.

Предметите по кои на 31 декември 1991 година постапката пред Судот на здружениот труд на Македонија не е започната или не е завршена или по која е донесена одлука, а предметот не му е вратен на основниот суд на здружениот труд, како и другите предмети кои се наоѓаат на решавање пред овој суд ги преземаат месно надлежните судови според правилата на процесната постапка и тоа окружните судови во однос на спорови од работните односи и во врска со работата и спорови од станбените односи, а Стопанскиот суд на Македонија во однос на статусните спорови.

Упатство за начинот на преземање на предметите донесува министерот за правосудство и управа".

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а одредбите од членовите 3, 5 и 15 на овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 1992 година.

1084.

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 3, 4 и 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ФОТОГРАФИИТЕ НА ЈОСИП БРОЗ ТИТО, ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ И НИКОЛА КАРЕВ ОД САЛИТЕ КАДЕ ШТО ЗАСЕДАВА МАКЕДОНСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НЕГОВИТЕ РАБОТНИ ТЕЛА

Член 1

Фотографиите на Јосип Броз Тито, Гоце Делчев и Никола Карев од салите каде што заседава македонскиот Парламент и неговите работни тела се отстрануваат.

На местото каде што се наоѓале овие фотографии се поставува грбот на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука ја извршува Службата на Собранието на Република Македонија, а влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4868/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1085.

Врз основа на член 68 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83, 4/89, 4/87, 18/89 и 19/90), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 4 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ИСКЛУЧИТЕЛНА СТАРОСНА ПЕНЗИЈА

I

1. На Ташко Георгиевски, од Скопје, член на Македонската академија на науките и уметностите

МУ СЕ ОПРЕДЕЛУВА исклучителна старосна пензија во висина од 8.170,94 динари месечно.

2. На Радован Павловски, пост од Скопје, исклучителната пензија од 7.220,00 динари се утврдува во нов повисок износ од 8.170,94 динари месечно.

II

Исплатата на пензиите определени според оваа одлука тече од 1 октомври 1991 година.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 08–4848/1
4 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с. р.

1086.

Врз основа на член 68 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83, 4/87, 4/89, 18/89 и 19/90), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 4 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ИСКЛУЧИТЕЛНА СТАРОСНА ПЕНЗИЈА

I

На Сократ Маркулов, наш сонародник од Благоевград – НР Бугарија –

МУ СЕ ОПРЕДЕЛУВА исклучителна старосна пензија во висина од 7.013,60 динари месечно.

II

Исплатата на пензијата според оваа одлука тече од 1 септември 1991 година.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 08–4850/1
4 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с. р.

1087.

Врз основа на член 53 од Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби („Службен весник на Република Македонија" број 36/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 4 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО КРЕДИТОТ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ (III Д ПРОЕКТ–ТРАНС ЈУГОСЛОВЕНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ)

1. Република Македонија гарантира дека, доколку Железничко-транспортното претпријатие – Скопје, корисник на кредитот, не изврши уплата по пристигнатите обврски по кредитот од Договорот за заем (III Д-проект – Транс Југословенски железници), склучен меѓу Европската инвестициона банка – Луксембург и Железничко-транспортното претпријатие – Скопје, во износ од 4.000.000 ЕКУ, тие обврски ќе ги изврши Република Македонија, во износ што Стопанска банка–Акционерско друштво Скопје го платила од името и за сметка на Железничко-транспортното претпријатие – Скопје.

2. Во случај Републиката да ги намири обврските на корисникот на кредитот од точка 1 на оваа одлука, Службата на општественото книговодство во Република Македонија, по налог на министерот за финансии, ќе изврши наплата на соодветниот износ во корист на Републиката од сите расположливи средства на корисникот на кредитот.

3. Министерството за финансии ќе издаде исправа за гаранција по претходно издадена банкарска гаранција и ќе се грижи Железничко-транспортното претпријатие – Скопје да врши уредна отплата на кредитот.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–4858/1
4 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с. р.

1088.

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 4 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАМЕНА НА ПРИХОДИТЕ НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ОСТВАРЕНИ ПО ОСНОВ НА КАМАТИ НА КРЕДИТИ ОД ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА

Член 1

Во Одлуката за намена на приходите на Народната банка на Македонија остварени по основ на камати на кредити од примарната емисија („Службен весник на СРМ" број 3/91) во член 1 став 1 по зборовите: „како и" се додаваат зборовите „60% од".

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Се задолжува Народната банка на Македонија од делот од приходите остварени од камати на кредити од примарната емисија за 1991 година во висина од 40% што и припаѓаат на Народната банка на Југославија да обезбеди исплата на обврските на Народната банка на Југославија, спрема банките од Република Македонија по основ на камата на издвоената задолжителна резерва и благајнички запис".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 08–4857/1
4 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с. р.

1089.

Врз основа на член 12 од Законот за Републичкиот фонд за развој („Службен весник на СРМ" број 20/90 година), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 3,4 и 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА РАЗВОЈ

Се дава согласност на Статутот на Републичкиот фонд за развој, што го донесе Републичкиот фонд за развој на седницата одржана на 26 август 1991 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–4856/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с. р,

1090.

Врз основа на член 167 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83, 43/85, 50/87, 27/88 и 36/89), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ИНСТИТУТОТ ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА И ТУБЕРКУЛОЗА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Собранието на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на Република Македонија со која прим. д-р Кирил Поповски е разрешен од должноста директор на Институтот – поради изборот на друг кандидат за директор.

2. Собранието на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на Република Македонија, со која за индивидуален работоводен орган на Институтот, е именуван д-р СТАВРЕ НОЛЧЕВ, фтизиолог во Институтот.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 08–4930/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с. р.

1091.

Врз основа на член 43 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на СРМ" број 9/78, 43/78, 35/85, 17/91 и „Службен весник на Република Македонија број 38/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОБИРОТ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ НА ЗАВОДОТ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ „РАНКА МИЛАНОВИЌ–СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Собирот на работните луѓе на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ" – Скопје, поради истекот на времето за кое се именувани.

Ѓулистана Јумероска,
Добринка Цибрева и
Светланчо Чонев̆ски

2. За претставници на општествената заедница во Собирот на работните луѓе на Заводот за згрижување, воспитувања и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ" – Скопје се именуваат:

Никола Калпаковски, доктор по медицина, невро-психијатар во Здравствениот дом – Скопје,

Крсте Мајаковски, психолог во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Скопје и

Љубинка Шукарова, педагог-стручен соработник во Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–4814/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с. р.

1092.

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/89, 12/90, 11/91) и („Службен весник на Република Македонија број 40/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ПОСЕБНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ СКОПЈЕ

1. За членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Факултетот за муизичка уметност се именуват:

Доста Димовска, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Мелпомени Корнети, директор на Македонската филхармонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–4800/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с. р.

1093.

Врз основа на член 257 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91) и („Службен весник на Република Македонија" број 40/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. За членови на Комисијата за именување индивидуален работоводен орган на Правниот факултет – Скопје се именуваат:

Зоран Крстевски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Томислав Стојановски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–4798/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с. р.

1094.

Врз основа на член 135 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА СПЕЦИЈАЛНАТА БОЛНИЦА ЗА БЕЛОДРОБНА ТУБЕРКУЛОЗА „ЈАСЕНОВО" С. ЈАСЕНОВО – ТИТОВ ВЕЛЕС

1. Се разрешуваат претставниците на Републиката во Советот на Специјалната болница за белодробна туберкулоза „Јасеново" с. Јасеново – Титов Велес, поради истекот на времето за кое се именувани.

Лилјана Вангелова,
Стефан Талевски и
Вера Черепналковска.

2. За претставници на Републиката во Советот на Специјалната болница за белодробна туберкулоза „Јасеново" с. Јасеново – Титов Велес се определуваат:

Јован Николов, пратеник во Собранието на Република Македонија,

Ташко Киров, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Милица Јовановска, доктор по медицина, вработена во Медицинскиот центар во Титов Велес.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија."

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–4815/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија
Стојан Андов, с. р.

1095.

Врз основа на член 110 – б од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87, 4/89, 18/89, 19/90 и „Службен весник на Република Македонија" број 36/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

1. За членови на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија се именуваат:

Андон Марковски, пензионер од Скопје,

Душко Велков, дипл.правник секретар во ПТТ–Струмица,

Чедомир Георгиевски, пензионер (поранешен член на Претседателството на Советот на ССМ),

инж. Владо Додевски, директор на Заштитната организација „Полет" – Куманово,

Алеко Петановски; пензионер

Теохар Максимов, технолог, вработен во „Мегапак" – Штип,

Атанас Милевски, дипл.правник, директор на Општиот сектор на РО „Агроплод" Ресен,

Александар Прчевски, судија во Судот на здружениот труд во Битола и

д–р Гзиме Старова, професор на Правниот факултет во Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–4795/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1096.

Врз основа на член 248 став 2 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91), член 59 од Законот за научно-истражувачката дејност и член 135 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ НА РО МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ И НЕГОВИТЕ ОЗТ КЛИНИКИ И ИНСТИТУТИ – СКОПЈЕ

I. Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во органите на управување на РО Медицински факултет и неговите ОЗТ: Клиники и институти – Скопје, поради истекот на времето за кое се именувани:

1. Во Советот на РО Медицински факултет – Скопје:

Кирил Андоновски,
Божидар Андоновски,
Димитар Трајковски,
Ѓулистана Јумеровска и
Никола Камчев

2. Во Советот на ООЗТ Клиники при Медицински факултет – Скопје:

Марица Георгиевска
Благородна Мингова
Митко Стојановски и
Владо Хаџиев

3. Во советот на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет во Скопје:

д-р Саво Миронски,
Драги Трајановски,
Венцислав Илјадников,
Борче Наумовски и
Лазар Толов.

II. За претставници на општествената заедница во Советот на РО, Медицински факултет во Скопје, се именуваат:

Ѓулистана Јумеровска, пратеник во Собранието на Република Македонија,

Димитар Трпеноски пратеник во Собранието на Република Македонија,

Мијалчо Наков, економист, советник во Стопанска банка АД – Скопје,

Наум Поп Трендов, лекар специјалист, вработен во Поликлиника „Пролет" и

Шабан Превала, пратеник во Собранието на Република Македонија

III. За претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиники при Медицинскиот факултет во Скопје, се именуваат:

Гоце Андоновски, пратеник во Собранието на Република Македонија

Јован Николов, пратеник во Собранието на Република Македонија,

Димитар Гентаковски, фармацевт, индивидуален работоводен орган на РО Градска аптека „Скопје" – Скопје,

Душан Трпчевски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Исмет Рамадани, пратеник во Собранието на Република Македонија

IV. За претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет во Скопје, се именуваат:

Јордан Бошков, пратеник во Собранието на Република Македонија,

Славе Наумовски, пратеник во Собранието на Република Македонија,

д-р Адам Адамов, пензионер,

д-р Никола Стојановски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Ферид Садику, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–4822/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија
Стојан Андов, с.р.

1097.

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија број 40/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Педагошката академија „Климент Охридски" – Скопје, поради истекот на времето за кое се именувани:

Таше Поп Ташев,

Софија Стефановска и

Зоран Илиевски.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Педагошката академија, „Климент Охридски" – Скопје, се именуваат:

Илинка Митревска, асистент, на Филозофскиот факултет во Скопје,

Коле Луловски, пратеник во Собранието на Република Македонија

д-р Димитар Мирчев, професор по социологија на Филозофскиот факултет во Скопје и

д-р Аслан Селмани, пратеник во Собранието на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–4819/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија
Стојан Андов, с.р.

1098.

Врз основа на член 135 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА СЛУХ, ГОВОР И ГЛАС – СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје поради истекот на времето за кое се именувани:

Зорица Велковска,

Таше Поп Ташев и

Софија Стојановска.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје се именуваат:

Методија Гочевски, економист во СИЗ за пензиско и инвалидско осигурување,

Владо Аврамовски, социјален работник во Министерството за труд и социјална политика и

Јулка Здравкова, психолог, специјалист по медицинска психологија во Болницата за нервни и душевни болести „Бардовци" – Скопје.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–4812/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1099.

Врз основа на член 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90 и 11/91), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

1. Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Педагошката академија „Гоце Делчев" – Штип, поради истекот на времето за кое се именувани:

Славица Урошевиќ и

Тодор Драганов.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Педагошката академија „Гоце Делчев" – Штип, се именуваат:

Санде Давчев, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Славјанка Стојанова, пратеник во Собранието на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–4813/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1100.

Врз основа на член 59 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на СРМ" број 16/85 и 12/90), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ – СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Економскиот институт во Скопје, поради истекот на времето за кое беа именувани.

Ефтим Цубалевски,
Вехбија Хоџиќ и
Петруш Гаврило.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Економскиот институт во Скопје се именуваат:

д-р Ангел Георгиев, професор на Економскиот факултет во Скопје,

Петар Темелковски, пратеник во Собранието на Република Македонија,

Љубомир Поповски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 08–4816/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија
Стојан Андов, с.р.

1101.

Врз основа на член 59 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на СРМ" број 16/85 и 12/90), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ВЕТЕРИНАРНИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

1. Се разрешува од должноста претставник на општествената заедница во Советот на Ветеринарниот институт во Скопје, поради истекот на времето за кое беше именуван Милутин Маниќ.

2. За претставник на општествената заедница во Советот на Ветеринарниот институт во Скопје се именува, Данил Симовски, доктор по медицина, директор на Заводот за здравствена заштита – Скопје.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 08–4817/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија
Стојан Андов, с.р.

1102.

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91) и („Службен весник на Република Македонија" број 40/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН – ДЕКАН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ – СКОПЈЕ

1. За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган – декан на факултетот за ликовни уметности – Скопје се именуваат:

Љупчо Јакимовски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Александар Гештаковски, пратеник во Собранието на Република Македонија

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 08–4796/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1103.

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 6/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91) и („Службен весник на Република Македонија" број 40/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН – ДЕКАН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО – ОХРИД

1. За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган – декан на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, се именуваат:

Ацо Спировски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Димитар Трпеноски, пратеник во Собранието на Република Македонија

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 08–4797/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1104.

Врз основа на член 257 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 2/86, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91) и („Службен весник на Република Македонија" број 40/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО ПРИЛЕП

1. За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот факултет во Прилеп, се именуваат:

Ѓорѓи Котевски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Алил Џафероски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4802/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1105.

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управување („Службен весник на СРМ" број 42/77, 3/87 и 48/88), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот институт во Скопје се избираат:

м-р Петар Гошев, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Михаил Пановски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4799/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1106.

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управувањето и другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 42/77, 3/87 и 48/88), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ЗАВОДОТ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ „РАНКА МИЛАНОВИЌ" – СКОПЈЕ

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ" – Скопје се избираат:

Ѓулистана Јумеровска, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Ристо Јованов, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4807/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1107.

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управувањето („Службен весник на СРМ" број 42/77, 3/87 и 48/88), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА НАРОДНАТА УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" СКОПЈЕ

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Народната универзитетска библиотека „Климент Охридски" во Скопје се избираат:

Борис Ноневски, директор на Кинотеката на Македонија и

проф. д-р Владимир Цветковски, декан на Филолошкиот факултет во Скопје

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4808/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1108.

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во организациите на здружен труд („Службен весник на СРМ" број 42/77, 3/87 и 48/88), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА АНСАМБЛОТ ЗА НАРОДНИ ИГРИ И ПЕСНИ „ТАНЕЦ" – СКОПЈЕ

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Ансамблот за народни игри и песни „Танец" – Скопје, се избираат:

Коле Луловски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Љубомир Поповски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4811/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1109.

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружен труд („Службен весник на СРМ" број 42/77, 3/87 и 48/88), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ПРИРОДОНАУЧНИОТ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Природонаучниот музеј на Македонија се избираат:

д-р Ристо Групче, кустос-советник во пензија и

Драгиша Здравковски, заменик на директорот на Музејот на Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4810/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1110.

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружен труд („Службен весник на СРМ" број 42/77, 3/87 и 48/88), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ВЕТЕРИНАРНИОТ ИНСТИТУТ „СКОПЈЕ" – СКОПЈЕ

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Ветеринарниот институт „Скопје" – Скопје, се избираат:

Јордан Зафиров, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Зоран Ивановски, ветеринар, вработен во „Силекс" – Кратово.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4809/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1111.

Врз основа на член 62 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на СРМ" број 16/85, 12/90), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ" – СКОПЈЕ, ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН

1. Собранието на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје, со која за индивидуален работоводен орган е именуван д-р Васил Дрвошанов, научен соработник.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4803/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1112.

Врз основа на член 2-е од Законот за вработување („Службен весник на СРМ" број 32/87, 18/89, 36/89, 17/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 36/91) Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

1. За членови во Советот на Републичкиот завод за вработување, се именуваат:

Никола Бундевски, директор на Гео-институт – Скопје,

Насер Ахмети, дипл. економист, невработен,

Кристо Здравковски, дипл. правник од Битола,

Диме Горчев, вршител на должноста во РО „Југотекст" Кавадарци,

д-р Стефан Костовски, проф. на Филозофскиот факултет во Скопје,

Радмила Мадевска, раководител на Комисијата за општествено економски односи, колективно договарање и животен стандард на работниците во Советот на ССМ,

м-р Катарина Нонпаловска, виш предавач на Правниот факултет во Скопје,

Злате Сарев, раководител на Секторот за кадровски прашања при Медицинскиот центар во Штип и

Киро Соневски, помошник на генералниот директор на СОК на Македонија

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4794/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1113.

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за заштита на националните паркови („Службен весник на СРМ" број 33/80, и 10/90), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ООЗТ НАЦИОНАЛЕН ПАРК „МАВРОВО" – МАВРОВИ АНОВИ

1. Собранието на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Работничкиот совет на ООЗТ Национален парк „Маврово" – Маврови Анови со која за индивидуален работоводен орган – управник е именуван инж. Кузман Угриновски, досегашен управник.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето, во „Службен весник на Република Македонија"

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4805/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1114.

Врз основа на член 257 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ПОСЕБНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" СКОПЈЕ

1. За членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Педагошката академија „Климент Охридски" – Скопје, се именуваат:

д-р Снежана Адамчевска, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје и

Томислав Стефковски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4801/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1115.

Врз основа на член 26 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ" број 25/75 и 51/88), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА РО МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА – АРХЕОЛОШКИ, ЕТНОЛОШКИ И ИСТОРИСКИ – СКОПЈЕ

1. Собранието на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на РО – Музеј на Македонија – Археолошки, Етнолошки и Историски – Скопје, со која за индивидуален работоводен орган на Музејот е именувана д-р Викторија Соколовска, виш научен соработник во РО Музеј на Македонија – Археолошки, Етнолошки и Историски – Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4804/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1116.

Врз основа на член 62 од Законот за научноистражувачката дејност („Службен весник на СРМ" број 16/85 и 12/90), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН

1. Собранието на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Институтот за национална историја со која за индивидуален работоводен орган повторно е именуван д-р Владо Ивановски, научен советник.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4806/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1117.

Врз основа на член 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/89, 12/90, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ И ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ

1. Се разрешува од функцијата претставник на општествената заедница во Советот на Факултетот за музичка уметност – Скопје, поради истекот на времето за кое е именувана Милка Божикова

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Факултетот за музичка уметност во Скопје се именуваат:

Симеон Гугуловски, оперски пеач во МНТ и

Манол Јанев, професор во Средното музичко училиште во Скопје.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4818/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија
Стојан Андов, с.р.

1118.

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 26/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА – СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Факултетот за физичка култура – Скопје, поради истекот на времето за кое се именувани:

Александар Џамбазов,
Томислав Димишковски и
Ертован Ертовски.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Факултетот за физичка култура – Скопје, се именуваат:

Ристо Митров, хемиски инженер во ОХИС – Скопје

Мичо Поповски, претседател на Сојузот за физичка култура – Скопје и

Лефтер Бошевски, професор по физичка култура во „Здравко Цветковски" – Скопје.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–4820/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија
Стојан Андов, с.р.

1119.

Врз основа на член 59 став 3 од Законот за научно–истражувачката дејност („Службен весник на СРМ" број 16/85 и 12/90), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ" СКОПЈЕ

1. Се разрешува од функцијата претставник на општествената заедница во Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје, поради истекот на времето за кое е именувана Миљана Доневска.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје, се именуваат:

д–р Димитар Поповски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Томислав Стевковски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–4821/1
5 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија
Стојан Андов, с.р.

1120.

Врз основа на член 245 став 3 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" број 19/83, 29/89, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 3 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА ОУ „13 НОЕМВРИ" – КИСЕЛА ВОДА – СКОПЈЕ

1. За претставници на Републиката во Советот на ОУ „13 Ноември" – Кисела Вода – Скопје, се именуваат:

Слободанка Илиевска, педагог во ОУ „Лазо Ангеловски – Скопје и

Живко Радевски, професор по географија во ОУ „Ленин" – Скопје

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 10–4905/1
3 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата
Никола Крстески, с.р.

1121.

Врз основа на член 245 став 3 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" број 19/83, 29/89, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 3 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА ОУ „СТРАШО ПИНЏУР" – С.КАРБИНЦИ – ШТИП

1. За претставници на Републиката во Советот на ОУ „Страшо Пинџур" с. Карбинци – Штип, се именуваат:

Стојан Стоилов, одборник во СО Штип сопственик на ППС „Стар Караорман" – с. Стар Караорман и

Лазо Тимовски, дипл. агроном инженер, директор на ДОО „Црвена Ѕвезда" – с.Таринци.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 10–4906/1
3 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
Никола Крстески, с.р.

1122.

Врз основа на член 245 став 3 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" број 19/83, 29/89, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 3 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА ЦОУ „РЕЏО РУШИТ" – С.ЗАЈАС – КИЧЕВО

1. За претставници на Републиката во Советот на ЦОУ „Реџо Рушит" – с.Зајас – Кичево, се именуваат:

Бајрам Бајрами, апсолвент на Рударскиот факултет (живее во с.Колари) и

Аце Димовски, наставник во ЦОУ „С.Штерјоски" – Кичево.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 10–4907/1
3 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ,
Никола Крстески, с.р.

1123.

Врз основа на член 245 став 3 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" број 19/83, 29/89, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 3 декември 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА ОУ „11 ОКТОМВРИ" – КУМАНОВО

1. За претставници на Републиката во Советот на ОУ „11 Октомври" – Куманово, се именуваат:

ГОЦЕ ЈАКИМОВСКИ, вработен во културно-просветната заедница – Куманово и

м-р МИРКО МАКРЕШАНСКИ, вработен во ПЕ Куманово на Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 10-4908/1
3 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
Никола Крстески, с.р.

1124.

